## 9. РОДОВИТЕ ВО ЛЕШОК

Од контактите и разговорите со разни луѓе и од старите генерации, но и од контактите со лицата од мојата генерација, секаде и од сите слушав дека јас припаѓам во родот ЛАЛОШОИ. Но, Јас исто така, многу пати слушав дека сум син Жифкоф или дека сум дете од Жифкојца, дете од Јорда и од Жифкота, потоа слушав дека Јас сум унук (внук) Трпчев или Трпоф, а некои велеа дека сум унуче Трпојчино или унук Трпчејчин, многу ми велеа дека ја личим најмногу на дедо ми Трпота, потоа ни велеа дека сме од Попооj, некои од Попоските, трети велеа дека сме Поп Спиросооj, потоа Спироски, Спиридонов, Симеонов, четворти ми велеа дека сум Мите Кумите како Спирота, потоа велеа Спире, Спиро, петти Спириќ, шести велеа Ончееј или поп Ончееј, потоа поп Онуфриески или Онуфриевски, потоа поп Симонооj или Симоновски, а сум слушнал дека не викаат и Глајнооj или Главинои, а многу пати слушнав дека не викаат и Византијци.

Значи, во моите 60-ет години сум слушнал разни обраќања иословувања на мојата фамилија и Мојот род. Затоа, Јас, се заинтересирав повеќе да го осознаам Мојот род, почнав да истражувам преку 40-ни години и дојдов до многу интерсени сознанија кои ги пишувам во оваа книга.

Основното е дека почнав да истражувам по колена-генерации-гранки-лози, почнувајќи од моето колено-генерација ( Јас сум 9 –то колено) и постепено се вратив кај моите претци за 4 колена наназад односно дојдов до Поп Онуфрие или Поп Онче во 19 век, по кој родот се наречуваше Онуфриевски или Ончеви, потоа ги продолжив и проширив истражувањата до дојдов 10-12 колена наназад до крајот на 17 и почетокот на 18 век и дојдов до предокот Лалош, по кого усната меморија и го наречуваше нашиот род Лалошои. Секако дека ги продолжив моите истражувања и во текот на оваа 2009 година дојдов до нови сознанија односно се вратив во минатото за уште 4 -5 колена наназад од Лалош до втората половина на 16 и 17 век, кога нашиот свештенички род го викале Главинои и од кој потекнува и епископот Никанор. Значи, дојдов до многу сознанија и податоци за Мојот свештенички род 16 до 17 колена наназад се до 1550 година, кога се родил епископот Никанор. Но, сигурно е дека родот Главинои постоел и го викале под тоа име и неколку колена (4 до 6 колена) наназад пред Никанор, бидејќи е јасно дека свештеничкиот род пред Никанор го викале Главинои. Можно, е дури да се дојде и до 12 до 13 век, но, за ова треба дополнителни истражувања и сознанија.

Значи, со моите 4 децениски истражувања и анализирања дојдов до сознание дека Мојот свештенички род има веќе 7 вековно постоење во Лешок и дека во разни векови различно го викале-ословувале, но, во суштина тоа е истиот род кој секогаш ја задржал домашната слава Пречиста, која секогаш се слави на 4 Декември.

Така, последните 60-на години, три односно четири колена наназад ( од моето Девето колено ) нашиот род односно фамилија ги викаат Спироски, Спироој, потоа поп Спироој и поп Спироски, потоа Поповски, Попоски, Попови, Попооj, а не викаат и Онуфриевски, Ончевски и Ончееј односно поп Ончееј или поп Онуфриевски.

Така, денес се создаде нова фамилија Спироски, а слободно може да се каже дека со појавувањето на 5-то и денес и шестото колено после поп Спиро, веќе се појавува нов род Спироски, во кој до денес има преку 161 лице и за 20-на години може да очекуваме да се зголеми за околу 100-на лица. Денес фамилијата Спироски брои вкупно 161 лице и истата е сочинета од четирите браќа: Трпо ( 24), Ѓиго ( 93), Андро (27) и Никче (17). Фамилијата односно родот Спироски е континуитет на истиот свештенички род кој во претходните два века се викал Онуфриевски односно Ончев род, а пред три односно пет векови и Лалошов и Главинов род. Верувам дека во иднина ќе се создадат како продолжение-континуитет на фамилијата и род Спироски, а под друго име и нови фамилии Трпчеej, Трпооj, Живкооj, Цобеej, Митеej, Миткооj, Борчеej, Миркооj и сл. А ќе се јават и други нови фамилии: Бореej,Томеej, Милеej, Божинооj, Тодорооj, Ѓокооj ..... и. т.н.

При ова, би сакал да нагласам дека се создадаоа и новите фамилии Јастревски односно Попови, Поповски и Атанасооj или Ацовски, како и нови фамилии ( Пауновски, Коцевски, Дамјановски, Ончевски и др. ) за кои подетално се задржувам во поднасловот 12 – Нови фамилии од родот Онуфриевски- Лалошои-Главинои-Византијци од Лешок.



( Искра Спироска, ја коси тревата со косилица пред куќата и настрешницата во Млака, Лешок )
( Iskra Spiroska, move grass on new hous Mlaka, Lesok )

Интересно е дека генерацијата-коленото 8, 7 и 6 –то на која припаѓаат татко ми Живко, дедо ми Трпо и прадедо ми Спиро ги викаат Онуфриевски, Ончеви, поп Ончеви, поп Онуфриевски, Ончески, Спиридонови, Поповски, Попоски, Попоските, Попоој, Лалошоој, Симоноој, Симоновски, поп Симоноој, Китаноој и поп Китаноој, Византици и др.

Фактички од поп Онуфрие односно поп Онче се создава голем род кој се нарекува Онуфриевски, Ончевски или Ончев род, кој брои преку 878 лица. Овие податоци се внесени во Табелата бр. 2, 2-а ,5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 18, 18-а, 18-б, 30 и 31.

Навистина ова е голем род и невозможно е сите меѓу себе да се знаат и да комуницираат. Така, Онуфриевскиот род кој брои 878 лица, го сочинуваат потомците на Спиро, Атанас, Јасре, Ѓорче и Ката и Ристана и тоа по машка линија фамилиите: Спироски( 161), Атанасоој (63), Јастревски (175) и Ѓорчеej ( 226) или вкупно 625 лица, додека од ќерките на Онуфрие има 253 потомци и тоа: Ката која е мажена во родот Лешкоој или Попој во Лешок има 156 потомци и Ристана, која е мажена во родот Дубљаноој во Непроштено има 97 потомци. Инаку, потомците на родот Онуфриевски односно Ончевски ги викаат и поп Симонови, Симоноој, Китанови и поп Китанови,како и Главинои или Глајноој, потоа Византици и др.

Инаку, претците на поп Онуфрие ги викале и поп Симонови, поп Китанови, Милошои, Лалошои и Главинои или Галајнои.

Од Лалошои односно Главинои од 5-то колено на кое е Онуфрие, се издвојуваат неколку фамилии: Дамјаноој (166), Пауноој( 79) и Исакоој-Коцееј ( 35) или вкупно 280 лица ( види: табела бр. 19, 19-а и 19-б) и овие фамилии припаѓаат на потомци на поп Симон или Симоноој, на поп Китанови или Китанови и на потомци на Милошои односно Лалошои и се викаат и Лалошои или Главинои, како и Византици.

Од 4-то колено Пауноој, Искоој или Коцевски, а по линија на ќерката на поп Китан која се викала Марта, мажена е во Копањце и доаѓа со мажот Филип како домазет во Лешок, се издвојува како засебен род Циљоој, го слават Митровден и не припаѓаат веќе на родот Лалошои и Главинои, кои ја слават Пречиста.

Додека од Непроштено се издвојуваат фамилиите Богданоој ( 225), Исајлоој ( 67) и Зафироој ( 81) или вкупно 370 лица (види: табела бр.16-а,16-б, 16-ви 16-г ) и се потомци на лозата Лалошои од Непроштено од родот Лалошои односно Главинои од Лешок.

Во Лешок во моето детство лично многу пати слушав од луѓето во Лешок, а денеска може да се присетам дека во Лешок се споменуваа и се сретнуваа следните родови односно фамилии: Лалошоој-Попоски, Главинои-Глајноој-Попоски, Лалошои-Византици,Мазаракоој, Ѓурчееј, Коачоој, Аљаљоој, Ѓољакоој, Скукоој, Карапанџоој, Пауноој, Дамјаноој, Ќапункоој, Качоој, Момироој, Станкоој, Кујоој, Бамбееј, Такароој, Дабоќееј, Кашамееј, Гркоој, Јасреej, Циљоој, Спироој, Ранчани, Попароој, Пипрекоој, Пауноој, Станчееј, Нањабукоој, Џарлоој, Глајноој, Сандароој, Кокоој, Костадиноој, Коринкоој, Петреej, Прнџоој, Јасреej, Ончееј, Прљакоој, Цокелоој, Ќапељаноој, Јанини, Цинцароој, Лешкоој-Попоој, и др.



( Врвот Плоча, 1970, Драгољуб од Попарооj, Илчо од Цинцарооj, Драгољуб од Пашини, Александар од Момирооj и Митко од Лалошооj)
( Hill Ploca, 1970, Dragoljub-Poparooj, Ilco -Cincarooj, Dragoljub- Pasini, Aleksandar-Momirooj i Mitko- Lalosooj)

Значи, од Лешок има преку 40 родови и фамилии и се присутни имиња на родови на скоро цела македонска азбука.

За сите родови кои ги споменав знаев дека се од Лешок и не знаев дали некои родови се староседелци или се доселеници. Знаев само за Ранчаните, односно лицата од Ранци од Егејска Македонија, кои се дојдени во Лешок во 1948-49 година по Граѓанската војна во Грција. Како носталгија на родното село Теговски Вангел во 1984 година напишал Монографија за селото Ранци, која е објавена во Прилеп ( извор: ред.бр. 83).

Имено, лицата кои дојдоа од Ранци, ние ги викавме Ранчани, но, Ранчани не е род, туку тие лица припаѓаат во повеќе родови од родниот крај Ранци. За мене најпознат е родот Бојаровци (таткото Ангел и синивите Џоџо и Ристо) и Тошевски (Методија и Стојче ) од Ранци кои дел живеат Тетово, Скопје и во други места, неколку имаат викендици во Лешок, а за другите родови не знам како се викаат.

Од семејството Тошевски афирмирани лица се Стојче Тошевски композитор на сериозна музика и има многу авторски дела и неговиот брат Методија Тошевски, кој беше Министер за финансии и државен ревизор, а носталгијата за родното село ја има искажано во неколку книги, а јас ќе ја споменам книгата на поезија Ровја објавена 1989 година ( извор: ред.бр. 61).



( Фото: Фотостудио ЈАСМИНА,Скопје,Методија Тошевски од Ранци, Егејска Македонија, Митко Спироски и Душко Дамјановски, од родот Лалошои Лешок, Св. Атанасие,30.01.2003 г.).
( Photo: Taking of photographs Studio JASMINA,Skopje,Metodija Tosevski -Ranci, Aegean Macedonia, Mitko Spiroski and Dusko Damjanovski of the kin Lalosoi Lesok, St. Atanasie,30.01.2003).

Во Лешок има девет домашни слави: Пречиста, Митровден, Петковден, Св. Никола, Св. Ѓорѓија, Св. Аранѓел, Св. Мартина, Св. Јован и Св. Врача, а направив Преглед, по видови на слави и по родови и тоа:

ПРЕГЛЕД
на родови и слави по АБЦДА во Лешок

| | |
|---|---|
| Аљаљои- Св Никола, | Мазаракооj-Митровден, |
| Бамбееј- Св. Ѓорѓија, | **Мисооj-**Петковден **и Пречиста**, |
| Базооj- Петковден, | Момирооj- Митровден, |
| **Белчевци- Пречиста,** | Наљабукооj- Св. Никола, |
| Бошкооj- Св Аранѓел, | Нешооj- Митровден, |
| Богоевци( Маткини)- Мартинци, | **Петреeј-Пречиста** |
| Бојаровци( Ранчани)- Митровден | Пејчинои- Св. Никола, |
| Дабоќееј -Св Аранѓел, | Пиперкооj-Петковден, |
| Дардаљееј -Митровден, | Попарооj-Петковден, |
| Гаџооj- Св. Аранѓел, | Прнџооj- Св. Аранѓел, |
| **Глајнооj- Пречиста *)** | Прљакооj- Митровден, |
| Гркооj- Св. Аранѓел, | Сандарооj- Св. Јован, |
| Гуљакооj- Св. Никола, | Сирмини Митровден, |
| Ѓољакооj- Св. Ѓорѓија, | Скукооj- Св. Никола, |
| Ѓурчееј-Митровден, | Станчееј-Св. Никола, |
| Запрљеи- Св Горѓија | Станкооj-Петковден, |
| Јанини- Св. Ѓорѓија, | Такарооj- Петковден |
| Качооj- Петковден, | Тошеќееј-Св. Никола, |
| Коачооj- Св. Ѓорѓија, | Цанини- Петковден, |
| Кокооj- Св. Ѓорѓија, | Циљооj-Митровден |
| Коларооj- Св. Врача, | **Цинцарооj- Пречиста,** |
| **Коринкооj- Пречиста,** | **Цојооj- Пречиста,** |
| Костадинооj- Митровден, | Цокелооj- Св Ѓорѓија, |
| Крапанџооj- Св. Никола, | Царлооj- Св. Никола, |
| **Кујооj- Пречиста,** | Чајкооj- Митровден |
| Лешкооj, Попооj- Св. Никола и Петковден | Чочолооj- Св. Аранѓел, |
| Љезооj- Св. Ѓорѓија, | **Ќапељанооj- Пречиста,** |
| **Лалошои, Попоски - Пречиста, *)** | Ќапункооj- Св. Никола, |
| | Шомееј- Св. Никола, |

*) Напоменувам дека родот Глајнои и родот Лалошои бил истиот свештенички род, но,кој во 16 и 17 век се викал Глајнои, а продолжило до денес да се вика Глајнои, но, од 18 век до денес преовладувало да го викаат како род Лалошои, за да во минатиот век потомците да ги викаат и со Попоски, Попooj, Онуфриески, Oнчеej, Јасреej, Пауноoj, Дамјаноoj, Спироoj, Атанасоoj, Трпчеej, Ѓигооj, Андроoj, Живкооj, Бореej, Цобеej, Милеej и.т.н. Значи, претците и потомците на нашиот свештенички род во разни периоди (векови) гиословувале со неколку имиња, но,битно е дека сите тие се од ист свештенички род Византијци-Глајнои-Лалошои- Oнчеej- Спироoj-Трпчеej-Живкооj -Митеej и т. н.

Од Прегледите може да се види дека од родовите староседелци во Лешок Пречиста ја слави родот Глајнои односно Лалошои од Старо маало или Бакар маало и родот Петреej од Долно маало. При ова би сакал да укажам дека направив посебни напори и истражувања на родот Лалошои од Лешок и на лозата во Непроштено кај машките наследници, при што, дојдов до сознание дека денес сите машки наследници ја слават и домашна слава им е Пречиста, освен кај две семејства кои искрено рекоа дека не ја слават. Кај едното семејство таткото беше искрен и рече дека навистина не ја слави Пречиста, но, ја слави Голема Богородица, кога му е и роденден, а неговиот син кој е во Детроит ја продолжува традицијата и ја слави Пречиста.



( Лешок, 2007, Слободан и Митко Спироски, Живко Божиновски Еца, Трпко Коач од Варвара)
( Lesok, 2007, Slobodan i Mitko Spiroski, Zivko Bozinovski Eca, Trpko Koac from Varvara)

Треба да се напомене дека Пречиста го славеле и родот Глајнои, свештенички род во 16 и 17 век, а кој всушност така се викал пред да почне да го викаат Лалошои односно тоа бил истиот свештенички род од Лешок, но, во разни векови. Во Лешок, во Тенеке маало имало неколку фамилии кои ги викале Глајнои, односно некое лице од нашиот род имал куќа и ниви и во оваа маало,односно било проширено и во Варвара и во Тенеке маало.

За нашиот празник Пречиста напишав посебен текст под наслов: Пречиста кој е содржан во оваа книга, а сличен текст е содржан и во книгата која е во ракопис и носи наслов: Лешок во моето срце и душа (извор: ред. бр. 131).

Пречиста ја слават и подоцна доселените родови: Цојооj или Кујооj кои се доселиле од Сетоле и Цинцароој кои се доселиле од соседното село Слатина, Ќапељаноој кои се доселени од Брезно и Белчевци дојдени од Здуње, Македонски Брод.

Во Долно Маало Пречиста ја слави и родот Коринкооj кои се доселиле од соседното село Непроштено или Слатина.

Во родот Мисооj имаат две слави, поради доаѓање за домазет во нивната фамилија, мажот ја донесува славата Пречиста која ја славел нивниот род. Вакви случаи има и во другите родови.



( Крсто Дамјановски од Лалошои со сопругата Бора од Кашамеej од Лешок)
( Krsto Damjanovski of Lalosoi with his wife Bora – Kashameej,Lesok)

Родовите Костадиноој, Дабоќеej и Попооj имаат по две слави и мислам дека потомците од овие родови треба да утврдат на што е резултат. Јас, се обидов да напарвам генеалогија на родот Лешкови од Лешок, кои се вториот свештенички род од Лешок (види: Табела бр. 23) и на машките потомци домашна слава им е само Св. Никола. За вториот свештенички род од Лешок јас сум слушал дека ги викаат Лешкови, а некои Попооj. Денес, потомците го знаат многу добро потеклото и денес има многу потомци со презиме Лешкови во Тетово, Скопје, Софија и други места. Од овој род само една фамилија е со презиме Поповски која живее во Тетово.

Авторот Петрушевски во книгата ЛЕШОК, родовите Попароој, Попооj, Станкооj и Пиперкооj ги сврстува во еден соj, а според мене името на родот е Лешкооj, кое доминантно и го задржуваат до денес.

Всушност, името Лешко е ретко и интересно име и се сретнува во Турските пописните тефтери од 1467-68 година во второто маало од Лешок ( се споменуваат пет синови на Лешко ), а кое имало свештеници во минатото. Најверојатно овој род е Лешкооі и е втор род со свештеничка традиција со векови наназад во Лешок.

Петрушевски во книгата ЛЕШОК за родот Костадинооі вели дека имаат слава Пречиста и Митровден, кај Попооі дека имаат слава Петковден и Св. Никола, а за Дабоќееј вели дека имаат слава Св. Аранѓел и Митровден. Треба да се нагласи дека еден род кој ја пренесувал домашната слава по машка линија не било можно да има две слави, оти славата се пренесувала само по машките наследници. Ако некој дојде за домазет тој ја презема домашната слава или ја донесува својата.

Ако ја задржи славата на жената тој го пренесува родот и преку славата, а ако ја донесе со себе својата слава тој ствара нов род и неговата слава се пренесува по машките наследници. Ова наведува дека најверојатно податоците за овие три родови не се потполни и точни и треба од наследниците на овие родови да уследи преиспитување на податоците и доуточнување.

Од моите истражувања на родот Лешкови дојдов до сознанија дека домашна слава им е Св. Никола и не слават втора слава односно Петковден, како што е внесено во книгата Лешок за родот Попооі дека имаат две слави Св. Никола и Петковден.

Разговарав со поп Стојче Ристовски од Долно маало. Поп Стојче ми рече дека он потекнува од родот Петреej, а не од родот Коринкооі, како што е напишано во книгата ЛЕШОК од Илија Петрушевски. Поп Стојче ми рече дека прави генеалогија на неговиот род Петреej.



(Лешок, Голема Богородица 2003, Борче Симовски од Костадинооі,Долно маало, Ратко Кировски од Скукооі, Павле Божиновски-Стамат од Коачооі, Борис Смилевски - Дута од Чочолооі)
(Lesok, the Assumption 2003, Borce Simovski - Kostadinooj, Lower neighbourhood,Ratko Kirovski - Skukooj, Pavle Bozinovski - Koacooj, Boris Smilevski Duta - Cocolooj)

Во книгата ЛЕШОК, покрај родот Коринкооj, не ми се јасни и прецизни колената-лозите на родовите Дабоќееj, Костадинооj и Попооj. Ако се стават во родовско стебло односно пирамидално по колена, ќе се види дека не се најточни лозите- колената и на читателот му ствара забуни и нејаснотии.

Со огромен респект и балгодарност за трудот на г-ин Илија Петрушевски и ставањето на темелите на родовите во Лешок, кој според мене има огромно и непроценливо значење за секој род одделно, но, добиените податоци за родовите кои се резултат на искази на соговорниците, можни се грешки и неточности и сметам дека потомците на секој род ќе треба да ја доуточнат лозата на својот род, ако имаат нови сознанија и нови податоци, истите да ги предадат на авторот Илија или да се обидат новите сознанија и податоци да ги публикуваат во некоја друга публикација.

Моите сознанија и анализи на родовите во Лешок, а кои ги опишуваат Илија Петрушевски, А. Селишчев, Р. Груиќ, Јован Трифуновски и други автори, се дека е многу тешко да се утврди името-лозата-генезата на родот, неговата бројност, потоа кој е стар род, а кој новодојден и од каде и кога е дојден, кои биле претците, односно кои ќе бидат потомците на некој род во Лешок. Треба многу внимателно да се прочитаат и проналазирираат написите на споменатите автори кои се однесуваат на родовите, како и другите извори на користени материјал, со кои директно или индиректно се споменува некој род и кои кои ги наведуваме ( извор: ред. бр. 1, 2, 17, 19, 20, 36, 40, 42, 43, 45,5 0, 78,102,133, 136,137 и 138).

Треба точно да се утврди името и минатото на родот и на основа на вистински податоци, а податоците да се поткрепат со материјални докази. Не е доволно само живото пренесување на родот од претците на потомците. Додека се знаеле и меѓу себе комуницирале лицата од истото потекло, тие меѓу себе си велеле дека се од истиот род. Но, кога се зголемил бројот на лицата од истиот род, поминале неколку колена-генерации, лицата веќе не се знаеле и постепено се формирал нов род по некој карактеристичен, афирмиран и авторитететн човек: татко, па дедо, па прадедо. Така се формираат нови родови.

Така, сега од родот Лалошои веќе се формираат нови големи фамилии со преку 100 потомци и меѓу себе малку комуницираат и некои не се знаат, поради делби, раселување од родното место, а најповеќе поради немање традиција и висока свест кај многу луѓе од нашиот род, постепено се брише трагот, евиденцијата, знаењето од меморијата за заедничкото потекло и се губи трагата за заедничкиот род Лалошои и се формира свест за нови фамилии, кои во иднина ќе постанат и родови: Спироски, Поповски, Попов, Јастревски, Трпчееј или Трпооj, Ѓигооj, Глигоровски, Ончевски, Коцевски, Симоновски, Пауновски, Дамјановски, Стојановски , па и најверојатно и фамилии Живкооj или Митееј и т. н.

Така, пред да се јави Лалош и потомците после него да се викаат како род Лалошои, а пред да го викаат родот Лалошои, истиот род се викал Главинои односно Глајнои, а од овој свештенички род бил и полошкиот и скопски епископ Никанор, роден од Лешок, кој ја доградил црквата Св. Богородица во Лешок и помогнал и за зографисување, бидејќи домашна слава им била Пречиста и заштитник им била Св. Богородица ( извор: ред.бр. 1, 16, 17, 19, 20, 40, 42, 43, 48, 50, 78 и 115 ).

Од тие причини направив обид да го утврдам и со материјални докази да го поткрепам нашето заедничко потекло преку родот Византијци во 10 до 5 век,

Главинои од 16 и 17 век и на Лалошои од 18 век до денес, да дознаат сите потомци за своето заедничко потекло и да може во иднина и да го дополнуваат, а кое го опишувам во поднасловите 10, 11 12 и 22 од оваа книга.



( Митко Спироски, собира рој пчели ( трмке) во плетена стара кошара )
( Mitko Spiroski, collecting bees in old box-koshara )